

Александар
**ВУЧЕВСКИ**

# АМБАСАДОРИ

Последнава седмица две вести пренесени од медиумите го задржаа моето внимание. Првата е инцидентот во Амбасадата во Хаг: амбасадорката Добринка Тасковска била физички нападната од еден од службениците во Амбасадата. Втората е веста за големите успеси на македонските филмови на фестивалите во Торонто, Сараево и Карлови Вари. Некој можеби ќе се праша што е тука чудно и невообичаено. Одговорот е: ништо. Имено, веќе сме навикнати на скандалите во нашите дипломатски претставништва, исто како што сме навикнати и да слушаме за успесите на нашите уметници во странство.

Неодамна прославивме шеснаесет години независност. Некои коментатори, малку иронично, забележаа дека државата ни стана "постар малолетник". Демек уште сме незрели. Во случајот со нашата дипломатија ваквите констатации не се далеку од вистината (ова важи и за многу други области, но тоа ќе бидат теми за уште стотици вакви текстови).

Факт е дека по шеснаесет години самостојност сè уште не успеавме да изградиме стабилна и ефикасна надворешна политика. Она што треба да биде наш најсилен адут во овие моменти на евроатлантско интегрирање е, за жал, наша најголема слабост. Секојдневно сме сведоци на препукувањата меѓу претседателот на државата и Владата околу именувањето на новите амбасадори. Моментно повеќето наши амбасади и конзулати се празни поради несогласувањата, кои се сведуваат на банална дневна политика. Ваквото детско инаетење може скапо да ја чини Република Македонија. Особено во овие чувствителни моменти постапките на надлежните се несериозни. Токму сега кога сме "под лупа" е недозволиво амбасадите во Вашингтон и во Лондон да "седат" празни. Ист е и случајот со нашите претставништва во соседните земји. Жално е нешто што е толку важно да се користи како монета за дневно политичко поткусурување. Инцидентот во Хаг, кој го спомнав на почетокот, е логична последица на негрижата и на несериозниот однос кон дипломатијата. Нашата дипломатија делува многу млитаво и безиницијативно. Изостанува поагресивниот пристап, кој во овие клучни моменти ни е повеќе од потребен. **Секоја чест за ретките исклучоци, но нашите амбасадори својата дипломатска мисија ја сфаќаат небаре заслужен платен одмор во странство.**



**НАМЕСТО ДА СЕ БОРИМЕ ДА ГО УРНЕМЕ "ШЕНГЕНСКИОТ ЅИД" НИЕ САМИ СИ ИЗГРАДИВМЕ УШТЕ ЕДЕН НОВ - "ПАСОШКИ".**

Немав намера во овој текст да се занимавам со дипломатијата, но воведот некако сам се наметна. И тука доаѓаме до нашата "вистинска" дипломатија. Имено, вакуумот создаден во македонската надворешна политика овие шеснаесет години го "пополнуваат" нашите уметници. Тие се токму оние луѓе кои изминативе години беа вистинските наши амбасадори, конзули и дипломати. Тие беа нашиот автентичен глас, нашиот најпознат извозен бренд. Тие ја ширеа нашата приказна и гласно ја кажуваа нашата вистина. Сè ова го постигнаа без речиси никаква поддршка, исфрлени на маргините на општеството. Нашите врвни уметници, и покрај сè, се вистинскиот пример како треба да се претставува сопствената земја во странство. Ширејќи ја нашата култура и уметност тие направија многу повеќе за меѓународната промоција на Република Македонија од сите амбасади заедно. Оваа моја теза се потврдува и деновиве, кога слушаме дека нашите режисери добиваат признанија за своите филмови на најпрестижните филмски фестивали. Нашите оперски пејачи настапуваат на најпознатите сцени, додека ликовните уметници изложуваат во европските галерии. Домашните театри веќе одамна ја проширија славата на македонската драма речиси насекаде.

**Наместо нефункционалните амбасади и конзулати, Владата би требало да отвори повеќе културни центри во странство. Ова можеби звучи несериозно, но искуството ни покажува дека културната дипломатија има повеќе ефект од регуларната.**

Во прилог на ова за поздравување е и потегот на Владата, која почна со именување на т.н амбасадори на културата. **Конечно нашите политичари им "симнаа капа" на заслужните уметници и им го признаа нивниот минат труд и стаж во дипломатијата. Со титулата Амбасадор на културата се здобија неколку еминентни уметници како: Милчо Манчевски, Симон Трпчески, Горан Стефановски.** Тие тоа и досега биле, но сепак ваквото признание е несомнено еден вид сатисфакција и признание за нивните залагања. Овие имиња, а не имињата на политичарите, се синоним за Македонија. Но, секако дека не треба да се запре тука. **Уметничкиот "дипломатски кор" треба да се прошири со уште десетици имиња кои ја претставуваат нашава држава и култура низ светот.**

На крајот би ја советувал Владата да отвори и повеќе културни центри во светските метрополи. Овие институции би претставувале пунктови за ширење на нашата култура и уметност и би претставувале основа за соработка со останатите држави. Познато ми е дека постојат еден или два вакви центри но и тие се нефункционални и неефикасни. Затоа треба да се инвестира повеќе во една ваква неформална дипломатија, бидејќи токму културата и уметноста се нашиот мост кон светот.